Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-468/3
Датум: 06-09-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 468/1 од 18.8.2023 година, поднесена од [redacted] во име на други лица против [redacted] и други лица, за заштита од дискриминација врз основа на религиска, национална и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 6.9.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 468/1 од 18.8.2023 година, поднесена од [redacted] во име на други лица против [redacted] и други лица, за заштита од дискриминација врз основа на врз основа на религиска, национална и етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### Образложение

На 18.8.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на религиска, национална и етничка припадност, од страна на [redacted], во име на други лица против [redacted] и други лица.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше наведените елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе обезбеди согласност за поднесување на претставката од лицето во чие име е поднесена претставката, ќе ги наведе неговите и личните податоци на лицето во чие име ја поднел претставката (име, презиме и адреса на живеење), податоци за посочениот дискриминатор (име, презиме и адреса на живеење), дескриптивен опис на настанот по кој повод ја поднел претставката.

**Во законски предвидениот рок подносителот не ја доуреди претставката.**

Врз основа на законските надлежности Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува по претставки кои не ги содржат законски определените елементи, односно се неуредни или нејасни.

Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката со бр. 08 – 468/1 од 18.8.2023 година поради неуредност.

Скопје
6.9.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено електронски на следната мејл адреса: [redacted]